Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на дел од дневни настани 06.08.2020

На 06.08.2020 во 02.00 часот, полициски службеници од СВР Скопје на бул.„8 Септември", го лишиле од слобода С.Д.(23) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 06.08.2020 во 01.40 часот, полициски службеници од СВР Скопје на бул.„Јане Сандански", го лишиле од слобода Д.Р.(24) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена прашкаста материја. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 06.08.2020 во 00.50 часот, полициски службеници од СВР Скопје на ул.„Партеније Зографски", го лишиле од слобода В.С.(20) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 05.08.2020 во 22.00 часот, полициски службеници од СВР Скопје на кеј „Димитар Влахов", го лишиле од слобода А.Ќ.(22) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена прашкаста материја. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 05.08.2020 во 11.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосницата од бул.„Климент Охридски" со ул.„Кирил и Методиј" во Скопје, патничко возило „фиат", со скопски регистарски ознаки, управувано од Д.С.(58) од Скопје, удрило во пешак С.Р.(71) од Скопје. Во незгодата пешакот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза", каде бил пренесен за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Скопје.

На 05.08.2020 во 21.00 часот било пријавено дека на автопат Скопје –Тетово, Ф.А.(21) од Скопје, управувајќи патничко возило „сеат ибица", со скопски регистарски ознаки, изгубил контрола и удрил во метална ограда. Во незгодата, сопатникот З.Ф.(19) од Скопје се здобил со тешки телесни повреди, а возачот и уште двајца сопатници Б.М.(25), И.Ш.(28) од Скопје се здобиле со телесни повреди, кои биле констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза", каде што биле пренесени за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Скопје.

На 05.08.2020 во 21.20 часот во Полициската станица Аеродром Р.Ѓ.(53) од Скопје пријавил дека на ул.„69", под Железничка станица, бил каснат од куче скитник.

На 05.08.2020 во 12.40 часот во Полициската станица за граничен премин „Деве Баир", поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа", бил задржан К.Х.И.(34) од Р.Турција, по што бил предаден во Полициската станица Кратово за понатамошна постапка.

На 06.08.2020 во 01.50 часот на бул.„Александар Македонски", во близина на бензинска пумпа во Радовиш, полициски службеници од Полициска станица Радовиш пронашле 17 мигранти, од кои 13 од Пакистан и 4 од Кашмир. Лицата се предадени за понатамошна постапка на полициски службеници од Полициска станица за гранична контрола и граничен надзор Ново Село.

На 05.08.2020 во периодот од 17.00 до 23.00 часот на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Струмица спроведена е акциска контрола над возачи на мотоцикли. Во акцијата се констатирани 15 прекршоци, кои се соодветно санкционирани.

На 05.08.2020 во 11.15 часот било пријавено дека на магистралниот пат Кичево – Охрид, помеѓу с.Издеглавје и с.Песочани, се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „опел корса", со кумановски регистарски ознаки, управувано од М.Р.(34) од Куманово и патничко возило „фолксваген пасат", со скопски регистарски ознаки, управувано од М.С.Ќ.(51) од Скопје. Во незгодата, М.Р. се здобил со тешки телесни повреди, а Х.В.(23) од Куманово, сопатник во возилото „опел корса", М.С.Ќ. и уште двајца малолетни сопатници од возилото „фолксваген пасат" се здобиле со телесни повреди, констатирани во болницата "Св.Еразмо" Охрид и Општата болница Охрид, каде што биле пренесени за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Охрид.

На 05.08.2020 во периодот од 17.00 до 23.00 часот на подрачјето на СВР Велес е спроведена контрола на возачи на мотоцикли, при што се констатирани и соодветно санкционирани 23 прекршоци, од кои девет во Велес, пет во Кавадарци и девет во Неготино.

Во текот на 05.08.2020 на подрачјето на СВР Скопје санкционирани се шест возила бидејќи биле нерегистрирани, шест возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право на управување на моторно возило, едно возило бидејќи било технички неисправно, еден возач поради поминување на црвено светло, а 70 возила се подигнати со специјално возило „пајак".

На 05.08.2020 во 18.45 часот во СВР Скопје, Р.Х.(31) од Скопје пријавила дека околу 17.40 часот во казино во трговски центар во Скопје, по претходно недоразбирање, била физички нападната од лице вработено како обезбедување во казиното. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.08.2020 во 02.00 часот во СВР Скопје, Г.В.(29) од Скопје пријавил дека околу 01.30 часот, на пешачки премин на ул.„Цветан Димов", бил физички нападнат од три непознати лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.08.2020 во 00.30 часот во СВР Скопје, И.Ј.(21) од с.Сарај, скопско, пријавил дека околу 00.10 часот на ул.„20" во с.Сарај бил физички нападнат од К.Н. и уште едно лице, и двајцата од с.Грчец. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.08.2020 во 20.30 часот во СВР Скопје, 17-годишник од Скопје пријавил дека на ул.„11 Октомври", додека бил со двајца свои малолетни познаници, две непознати лица кои биле со патничко возило „бмв", физички го нападнале. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.08.2020 во периодот од 17.00 до 23.00 часот, од страна на полициски службеници од СВР Штип, на подрачјето на СВР Штип е спроведена акциска контрола на мотоцикли, при што се откриени и соодветно санкционирани 32 прекршоци.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против М.Д.(26) од Р.Србија, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". Пријавениот, на 02.08.2020 на Граничниот премин Блаце се обидел да влезе во Република Северна Македонија без притоа да поседува ПЦР тест не постар од 72 часа, но бил вратен од страна на надлежните служби. Потоа, остварил илегален влез во Република Северна Македонија, каде се задржал до 04.08.2020, кога на Граничниот премин Табановце сакал да оствари излез и да се врати во Р.Србија. При извршен преглед од страна на надлежните било констатирано дека лицето не е во евиденцијата за остварен влез во Република Северна Македонија. Со ова пријавениот постапил спротивно на Одлуката за мерки за спречување на внесување на коронавирусот ковид–19, донесена од Владата на Република Северна Македонија, со која не е дозволен влез на државјани на Р.Србија, Р.Косово, Р.Црна Гора и Р.Босна и Херцеговина без приложена медицинска потврда со негативен резултат за ковид–19.

Поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство", СВР Охрид поднесе кривична пријава против Б.Н.(20) од Охрид. Тој, на 03.08.2020 год. во берберница лоцирана на улицата „Даме Груев" во Охрид, започнал вербална расправија со Д.Д. (24) и Д.Д.(25), двајцата од Охрид, по што физички ги нападнал со остар предмет.

На 06.08.2020 околу 02.30 во СВР Скопје, Н.А.(42) од с.Инциково, скопско, пријавил дека неговата внука А.А.(13) се оддалечила од домот. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

Поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „предизвикување општа опасност" ОВР Дебар поднесе кривична пријава против Џ.И.(62) од струшкото село Октиси. Тој, на 19.07.2020 во 16.50 часот, во дебарското село Џепиште, при семејна веселба во куќа сопственост на Е.Е. од истото село, испукал 7 куршуми од пиштол „застава М-57" калибар 7.62 мм, кој го поседувал со дозвола.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против М.К.(21) од Скопје, поради постоење основи на сомнение дека на 04.08.2020 во 01.30 часот во соба во хотел во Охрид извршил обљуба врз 32-годишна скопјанка.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет